Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 50, 1 декември 2010 година

декември 2010 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната област хуманистички науки, подрачје археологија, на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната област хуманистички науки, подрачје археологија, на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 7

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за областа машинство на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 11

**РЕФЕРАТ** за избор на насловен доцент за подрачјето машинство на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 13

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област микробиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип........ 18

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научното подрачје фармација на Факултет за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 22

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за научното подрачје клинички медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 26

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научното подрачје клиничка медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 30

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент / вонреднен професор за наставно-научната област ортодонција на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 52

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научното подрачје фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 58

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент група биологија, научна област биохемија на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 73

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за научната област маркетинг на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 77

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ПОМЛАД АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНОТО ПОДРАЧЈЕ ФАРМАЦИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП**

Со Одлука број 2502-99/6 од 16.9.2010 г., донесена на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, формирана е Рецензентска комисија за избор на соработник ***помлад асистент/асистент*** за научното подрачје ***фармација*** во состав:

1. проф. д-р Биљана Ѓорѓеска, претседател,
2. проф. д-р Емилија Јаневиќ-Ивановска, член,
3. нас. доц. д-р Татјана Рушковска, член.

По разгледувањето на поднесената документација, Рецензентска комисија на Наставничкиот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип му го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На распишаниот Конкурс на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип за избор на еден еден извршител, објавен во дневниот весник „Дневник" на 17.8.2010 година, за научното подрачје *фармација* се пријавија следниве кандидати:

1. Катарина Смилков, магистер по фармација;
2. Елена Милева, магистер по фармација;
3. Елизабета Јосифова, магистер по фармација.

За избор во помлад асистент/асистент, кандидатот треба да ги исполнува условите наведени во членот 129/130 од Законот за високото образование и Правилникот за единствените критеруми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Според Конкурсот, за изборот беа потребни следниве доументи:

– пријава;
– диплома за завршено соодветно образование;
– кратка биографија (во четири примероци);
– потврда дека се служи со еден од светските јазици;
– список на објавени научни и стручни трудови;
– уверение за државјанство.

Преглед на приложените документи на пријавените кандидати:

| Кандидат | Пријава | Диплома за завршено соодветно образование | Потврда за странски јазик | Кратка биографија | Список на трудови | Уверение за државјанство |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Катарина Смилков | има | има | има | има | има | има |
| Елена Милева | има | има | има | има | нема | има |
| Елизабета Јосифова | има | има | има | има | нема | има |

***Биографски податоци***

Кандидатката **Катарина Смилков (моминско Магдиќ)** е родена на 16 мај 1979 во Штип. Дипломира на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" - Скопје во 2002 година, со среден успех 8,70. На постдипломските студии од областа *броматологија* на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје ги положува сите предвидени испити со среден успех 9,89.

Од останатите квалификации има познавање од работа со компјутери, активно познавање и користење на англискиот јазик, како и делумно познавање на германскиот јазик.

***Професионална активност***

Во периодот од 2003 до 2005 год. работи како самостоен стручен аналитичар во АД „Реплекфарм" - Скопје. Во 2005 работи како фармацевт- аптекар во ПЗО Аптека „Маклек" – Скопје. Од 2005 до 2007 год. работи како наставник по стручни фармацевтски предмети во СОУ „Јане Сандански" - Штип, а во 2007 год. е избрана за помлад асистент на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, за научните области хемија, биохемија и фармакологија.

***Научна и стручна активност***

***Стручни трудови***

1. Камчев, Н., Панов, Б., Ѓорѓеска, Б., Зајкова-Панева, В., Ѓоргиева, Д**., Смилков, К**., Камчева, М., Камчева, Г.: *Влијанието на концентрацијата на тешките метали во серумот врз здравјето кај рударската популација во Пробиштип*, Списание на Здружение на невролози на Македонија - Епилепсија, год. 1, бр. 1, декември 2008, ISSN 1409-617X.
2. **Смилков, К.**, Ѓоргиева, Д., Ѓорѓеска, Б.: *Нови форми на туризам базирани на медицински сознанија*; Зборник на трудови од Меѓународен симпозиум „Туризмот во 21 век", 2008, pp.703 (орална презентација).
3. D. Gorgieva, **K. Smilkov**, B. Gorgeska, *Biomonitoring of Metals in Serum Samples*, Abstract book, 33$^{rd}$ International Medical Scientific Congress for students and young doctors, 13-16.05.2010, Ohrid, R. Macedonia.
4. **K. Smilkov**, D. Gorgieva, B. Gorgeska, *Beneficial effects of probiotic use in food*, Abstract book, 33$^{rd}$ International Medical Scientific Congress for students and young doctors, 13-16.5.2010, Ohrid, R. Macedonia.
5. E.Janevik-Ivanovska, I.Gjorgoski, B.Crcareva, M.Stojmirov, A.Boschi, L.Uccelli, M.Pasquali, D.Gjorgieva, **K.Smilkov**, N.Kamcev. *Experimental Animal Models as a Fundamental Tool for the Development of New Radiopharmaceuticals*. Serbian Journal of Experimental and Clinical Research, SNMS'10 Congress of Serbian Nuclear Medicine Society with international participation, Kragujevac, 23-26 June, 2010; p.125.

Изготвени интерни скрипти за вежби по предметите:

| | |
|---|---|
| Хемија 1 | Лаборант |
| Биохемија | Мед.сестра/техничар и физиотерапевт |
| Хемија 2 | Лаборант |
| Биохемија 1 | Лаборант |
| Аналитичка хемија | Лаборант |
| Фармакологија | Мед.сестра/техничар и лаборант |
| Биохемија 2 | Лаборант |
| Хемија | Општа медицина |
| Биохемија 1 | Општа медицина |
| Биохемија со биофизика | Мед.сестра/техничар |
| Биохемија со биофизика | Физиотерапевт |
| Физиологија со биохемија | Забен техничар/протетичар |

| | |
|---|---|
| Биохемија | Оптометрист |
| Биохемија 2 | Општа медицина |
| Хемија | Стоматологија |
| Општа и неорганска хемија | Фармација |

***Конгреси, конференции и симпозиуми***

1. Прв меѓународен симпозиум „Туризмот во 21 век”, Скопје, 2008 год. (орална презентација).
2. Втора конференција за интелектуална сопственост во фармацевтската индустрија, 4 мај 2010 г., Скопје.
3. 33rd International Medical Scientific Congress for students and young doctors, 13-16.05.2010, Ohrid, R. Macedonia (постер презентација).

*Семинари, работилници и поминати обуки*

1. Waters Consumables Seminar 2009 (Biotek), Универзитет „Св. Кирил и Методиј”, Фармацевтски факултет, Скопје, ноември 2009 год.
2. Workshop Leco – Food analysis, Универзитет „Гоце Делчев” - Штип, ноември 2009 год.

***Биографски податоци***

Кандидатката **Елена Милева** е родена на 17 мај 1986 година во Штип. Дипломира на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” - Скопје во 2010 година, со среден успех 7,14. Нема работно искуство. Од останатите квалификации има познавање за работа со компјутери и познавање и користење на англискиот јазик.

***Биографски податоци***

Кандидатката **Елизабета Јосифова** е родена на 3 август 1973 во Кочани. Дипломира на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” - Скопје во 2001 година. Кандидатката не доставила уверение за положени испити, односно нема информации за среден успех. Од останатите квалификации има познавање за работа со компјутери и познавање и користење на англискиот и францускиот јазик.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од извештајот се гледа дека единствено кандидатката Катарина Смилков има искуство во практичната настава како помлад асистент и единствено таа приложила список на трудови од кој може да се заклучи за нејзината стручна и научна активност.

Катарина Смилков е вработена како помлад асистент на Факултетот за медицински науки на УГД во Штип од основањето во 2007 година. Во изминативе три години се покажа како многу успешен соработник во одржувањето на практичната настава по предметите: Хемија 1 и 2, Аналитичка хемија, Општа и неорганска хемија, Биохемија 1 и 2, Биохемија со биофизика, Физиологија со биохемија и Фармакологија за сите акредитирани студиски програми кои се спроведуваат. Од приложениот список на публикувани и презентирани трудови во земјава и во странство, може да се заклучи дека трудовите се работени со коректна современа методологија и имаат значајна теоретска и практична вредност во својата област. Со учеството на повеќе семинари и работилници, кандидатката Катарина Смилков го покажа својот интерес за следење на современите текови во фармацијата. Запишана е на постдипломски студии од областа броматологија на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” - Скопје, каде ги има положено предвидените испити со среден успех 9,89.

Врз основа на анализата на доставената документацијата од сите кандидати кои се пријавиле на Конкурсот, ценејќи ја нивната целокупна стручна, научна и наставна активност, констатиравме дека единствено пом.асс. Катарина Смилков ги исполнува сите услови за избор во соработничко звање помлад асистент за научното подрачје *фармација.*

Поради сè што досега беше кажано, ни претставува чест и задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип да ја избере пом. асс. Катарина Смилков во звање помлад асистент за научното подрачје *фармација*.

**РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Биљана Ѓорѓеска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Емилија Јаневиќ-Ивановска, член, с.р.**
**Доц. д-р Татјана Рушковска, член, с.р.**

**ПРИЛОГ 1**

Табела за вреднување на активностите на кандидатката
Катарина Смилков

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна** | | | |
| 1. Интерна скрипта за вежби | 16 | 2 | 32 |
| 2. Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период) | 67 | 0,2 | 13.4 |
| **Научноистражувачка дејност** | | | |
| 1. Учество на научен собир со реферат-усно предавање во Македонија | 1 | 1,5 | 1,5 |
| **Стручно-апликативна и организациско-развојна** | | | |
| 1. Труд во стручно (научно-популарно) списание | 1 | 2 | 2 |
| 2. Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир | 1 | 2 | 2 |
| 3. Учество на стручен собир со реферат (постер/усно) (1/1,5) во земјава | 2 | 1 | 2 |
| 4. Учество на стручен собир со реферат (постер/усно) (1,5/2) во странство | 1 | 1,5 | 1,5 |
| 5. Член на факултетски орган, комисија | 1 | 2 | 2 |
| **Вкупно** | | | **56,4** |